РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Бр. 02-78/2**
**Скопје,11.11.2025 година.**

Записник од дваесет и деветта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 11.11.2025 година.

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу член
г-дин Ардиан Демири член
г-ѓа Душица Димитриеска -член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Светлана Стојковиќ член

Заменик претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Макеоднија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на дваесет и деветтата седница на Советот.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја отвори дваесет и деветтата седница на Советот и воедно го предложи следниот:

**Дневен ред**

1. Разгледување и оценување на Годишните извештаи на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар
2. Разгледување и усвојување на Стратегијата за комуникација и транспарентност 2025-2028 година
3. Разгледување и усвојување на Правилникот за постапка за обезбедување и гарантирање на самостојност на јавните обвинители
4. Разно

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја отвори дваесет и деветтата седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред за оваа седница. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката еден од дневниот ред, Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му даде збор на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар, и тоа ОЈО Гостивар, ОЈО Тетово, ОЈО Дебар и ОЈО Кичево како и со Годишниот извештај на ВЈО Гостивар за 2024 година. Кажа дека извештајот бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ на запознавање и разгледување. Воедно детално го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со какви проблеми се соочуваат јавните обвинителтства од подрачјето на ВЈО Гостивар, со структурата на криминалот во јавните обвинителства од ова подрачје и со бројките на примени и сработени предмети, како и со бројката на предмети кои се во работа за 2024 година, со структурата на истите и се тоа искажано во бројки и проценти за секое јавно обвинителство поеднинечно како и за ВЈО Гостивар. Воедно истакна дека јавните обвинители во основните јавни обвинителства, како и во Вишото јавно обвинителство Гостивар за извештајната 2024 година и покрај недостатокот на јавнообвинителски и стручен кадар постапувале професионално и стручно.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му се заблагодари на ВЈО на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани на излагањето на Годишниот извештај со што истакна дека е добиена реална слика за постапувањата на јавните обвинителства од ова подрачје каде што биле забележани позитивни работи во нивното предметно работење, како и одредени слабости. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова, кажа дека е координатор за ова подрачје и наведе дека извештајот е изработен стручно, дека истиот е прегледен и ги содржи сите податоци кои се потребни за да се изготви еден ваков извештај. Воедно како забелешка или лично размислување, а со цел детектирање на некои слабости во јавните обвинителства и за нивно подобрување и покрај фактот што сите јавни обвинителства се соочуваат со недоволен број на јавни обвинители и стручен кадар, смета дека во некои јавни обвинителства не се работи за немање на доволно јавно обвинителски кадар посочувајќи го воедно ОЈО Гостивар, каде не гледа пропорционалност во работата на ова јавно обвинителство во поглед на бројките доколку се спореди со ОЈО Тетово или ОЈО Дебар каде има помал број на јавни обвинители, а имаат голем обем на работа во обвинителствата. Додаде дека видно од извештајот во 2024 година има зголемување на бројот на кривични пријави кои исто така или најголемиот број се поднесени од МВР, меѓутоа кажа дека од извештајот може да се види дека бројот на отфрлени кривични пријави е зголемен . Праша дали се сите по член 288 од ЗКП каде највеќе се во ОЈО Гостивар и запраша на што се должат ваквите состојби.

ЈО на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани кажа дека претежно кривичните пријави се од МВР каде повеќето од тие кривични пријави се со недостаток на докази и поради тоа не може да се покрене обвинение.

Г-дин Ермон Незири постави прашање дали отфрлените пријави се по чл.288 од ЗКП и дали тука влегуваат и по чл.43 и чл.44 или не.

ЈО на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани одговори дека чл.43 и чл.44 се по посебни основи.

Г-ѓа Кети Петкова се осврна и во делот на предлог спогодбите каде смета дека таа бројка е доста мала.

ЈО на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани се сложи со забелешката од страна на членот на Советот и кажа дека имало укажување до основните јавни обвинителства во тој дел да се подобрат состојбите. Воедно кажа дека најголем број на предлог спогодби има во ОЈО Тетово.

Г-ѓа Кети Петкова се надоврза на фактот дека во ОЈО Кичево се барало упатување на јавен обвинител запраша дали бил упатен јавен обвинител во ова јавно обвинителство, бидејќи Советот не располага со такви информации.

ЈО на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани кажа дека било поднесено писмено барање до Јавниот обвинител на РСМ како и усмено било кажано дека состојбите во ОЈО Кичево се алармантни .

Г-ѓа Јелена Догазанска Колева постави прашање во делот на условно одлагање на кривично гонење, кажа дека се офрлени кривични пријави по кривични дела со условно одлагање во кои кривични дела нема објективна заштита, поточно нема оштетен/ни.

ЈО на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани кажа дека најверователно тоа е дадено во согласност со оштетениот.

Г-дин Ардиан Демири се заблагодари на исцрпното излагање на извештајот од страна на ЈО на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани и воедно кажа дека ќе се осврне на три сегмента од годишниот извештај и тоа во однос на бројот на отфрлени кривични пријави каде како што наведе највеќе се во ОЈО Гостивар. Наведе дека највеќе пријави се поднесени од страна на МВР кои се недоволно образложени или пак немаат доволно докази. Запраша каква е улогата на ОЈО Гостивар во тој поглед од причина што МВР работи по напатствија дадени од срана на јавното обвинителство и која е улогата на ОЈО Гостивар во собирањето на доказите и комплетирање на кривичната пријава. Како втора забелешка даде во делот на измените на КЗ во чл.353 ст.5 и последиците. Постави прашање конкретно за каков вид на последици станува збор. Дали се мисли на застареност или нешто дуго.

ЈО на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани веднаш одговори и кажа дека се мислело на застарување, по што г-дин Ариан Демири продолжи со дискусијата и праша дали се превземаат некакви мерки во тој поглед од причина што ова не е само проблем во ОЈО Гостивар, туку и во останатите јавни обвинителства во РСМ. Како трет сегмент се осврна на претходната извештајна година, каква е состојбата со криминалитетот, дали има зголемување или намалување процентуално и каква е ефикасноста во однос на оваа релација односно пропорции со споредба со претходната година.

ЈО на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани појасни дека процентот од 87% се однесува на вкупно отфрлени кривични пријави и смета дека не станува збор за голема бројка и дека се однесува на сите јавни

обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар, не само во ОЈО Гостивар. Во однос на измените на КЗ кажа дека било дадено упатствие кое истото го прочита. Кажа дека подетална анализа за причините и последиците треба да се анализа на ЈОРСМ. Во делот на ефикасноста кажа дека во доменот на ВЈО Гостивар се обидуваат да преземат дејствија, а во однос за кои дела и каде има зголемување или намалување е наведено во Годишниот извештај.

Збор зема г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека Годишниот извештај ги содржи сите потребни податоци кои што истите се и графички прикажани во однос на ново примени предмети, решени, нерешени предмети од претходен период итн. Изнесе забелешка во однос на казнената политика поточно бројот на вложени жалби од страна на јавното обвинителство смета дека е мал. Наведе дека со оглед на големиот број на условни осуди бројот на жалби е мал. На мислење е дека повеќе треба да бидат застапени паричните казни отколку условната осуда.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски се осврна во делот на недостаток на јавни обвинители, а се однесува конкретно за ОЈО Кичево, кажа дека во текот на летниот период биле упатени двајца јавни обвинители во ОЈО Кичево. Наведе дека во ОЈО Гостивар има три јавни обвинители кои постапуваат со проширена надлежност, додека во ОЈО Кичево е само еден јавен обвинител кој постапува по предмети со проширена надлежност. Воедно кажа дека јавните обвинители кои се со завршена Академија за судии и јавни обвинители од месец јуни 2026 година не може да постапуваат по предмети со проширена надлежност, односно по предмети над пет години казна.

Г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека доаѓа од тоа подрачје и од овој годишен извештај може да заклучи дека јавните обвинители од подрачјето на ВЈО Гостивар имаат вложено максимално напори за да се остварат законските надлежности и да одлучуваат по кривичните пријави и покрај проблемот со кој се соочуваат, а тоа е недостаток на јавни обвинители, како и недостаток на јавно обвинителска служба. Согласно примените предмети кажа дека може да се види зголемена активност со што Годишниот извештај го оцени позитивно.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека позитивно го оценува Годишниот извештај и се согласи со колегите дека има недостаток од јавно обвинителски и стручен кадар во сите јавни обвинителства од ова подрачје.

Откако никој не зема збор Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Гостивар г-дин Фаик Арслани ја напушти седницата.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање Годишниот извештај на Вишото јавно обвинителство Гостивар за 2024 година. Едногласно со единаесет гласа ЗА беше усвоен Годишниот извештај на Вишото јавно обвинителство Гостивар за 2024 година, со подрачните основни јавни обвинителства.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеа 13 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени Извештајот за работа на ВЈО Гостивар, со подрачните основни јавни обвинителства ( Гостивар, Тетово, Дебар и Кичево) за 2024 година.**

Под точката два од дневниот ред, Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на изготвувањето на Стратегијата работеле сите членови на Советот и во кратки црти ја запозна јавноста со содржината на истата по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Во однос на оваа точка од дневниот ред, збор зема г-ѓа Светлана Стојковиќ која кажа дека Нацрт Стратегијата за комуникација и транспарентност на Советот на јавните обвинители за период 2025-2028 година, била разгледана на работилница одржана на 07.10.2025 година со претставници од проектот "Поддршка на ЕУ за владеење на правото" кои што дале стручна и техничка помош за изработка на оваа стратегија. Истата била презентирана пред сите членови на Советот и се дискутирало за сите нејзини поделни точки. Накратко кажа дека стратегијата претставува документ со кој се дефинираат начелата, стандардите, средствата и начинот на комуникација, како и основните постулати на транспарентно работење, дека донесувањето и примената на овој стратешки документ ќе претставува основа за следење на развојот на институцијата и ќе биде основа за изработка на следни стратегии кои ќе водат кон подобрување на работењето и зголемување на довербата во институциите. Нејзиното усвојување ќе претставува и исполнување на една од мерките предвидени во Развојната секторска стратегија за правосудството во државата (2024-2028), донесена од страна на Владата на РСМ. Понатаму кажа дека остварувањето на целите на стратегијата ќе подразбира Советот да има служба за односи со јавноста и портпарол кој ќе му помага на Претседателот на Советот во остварувањето на своите надлежности, поради што смета дека треба да се направи измена на систематизацијата на работните места и да се предвиди ваква служба, за што ќе бидат потребни финансиски средства, како и план за спроведување на оваа стратегија.

Г-дин Ермон Незири кажа дека колешката во претходното излагање ги начнала целите на оваа Стратегија. Смета дека како концепт претставува стратешки документ за работа на Советот затоа што преку примена на истата ќе се воспостават стандарди кои на долгорочен план ќе доведат до тоа Советот да постави принципи на односи кон јавноста, транспарентност пред се со медиумите па и невладините организации. Кажа дека во целост ја подржува и се надева дека и во иднина кога Советот ќе биде во друг состав ќе биде запишано дека овој состав на Советот ја вовел оваа Стратегија и се надева дека со мала финансиска подршка дека истата ќе биде спроведувана во пракса.Воедно искажа благодарсност до ЕУ – Владеење на правото (Rule of Low) преку целата програма и дадената подршка за изработка и донесување на оваа Стратегија.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими откако никој не зема збор предложи да се стави на гласање за усвојување на Стратегијата за комуникација и транспарентност 2025-2028 година.

Едногласно од страна на членовите на Советот беше усвоена Стратегијата за комуникација и транспарентност 2025-2028 година.

Под точка три од дневниот ред Заменик претседателот на Советот г-дин башким Бесими кажа дека Правилникот за постапка за обезбедување и гарантирање на самостојност на јавните обвинители бил

поделен на секој од членовите на Советот на запознавање. Додаде дека со овој Правилник, Советот на јавните обвинители на РСМ го уредува начинот на постапување во случај на внатрешно или надворешно нарушување на самостојноста на јавните обвинители. Со оваа постапка се штитат јавните обвинители од дејствија насочени кон загрозување на самостојноста во извршување на јавнообвинителската функција кои не спаѓаат во рамките на кривично-правна заштита. Кажа доколку се утврди дека во одреден настан се исполнети законски елементи за кривично дело, се поведува постапка пред надлежното јавно обвинителство. Од тие причини предложи Правилникот да биде усвоен по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека согласно Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ , Советот претставува тело на кое една од основнте функции му е да ја штити самостојноста на јавните обвинители. Поради тоа смета дека било неопходно донесување на еден ваков Правилник кој ќе ја гарантира самостојноста на јавните обвинители. Наведе дека до сега непостоеле вакви процедури за заштита на самостојноста на јавните обвинители, и смета дека на овој начин понатаму ќе може јавните обвинители да се осамостојат, односно да знаат дека постојат принципи на кој начин ќе можат си ја заштитат својата самостојност преку почитување на одредбите на овој Правилник.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ се согласи со кажаното од страна на членот на Советот г-ѓа Марјана Илиевска и дополни дека е неопходно да се донесе ваков Правилник од причина што во законот и деловникот за работа само се наведува дека Советот ја штити самостојноста на јавните обвинители, но никаде не се предвидува постапка за истото. За да не биде само пишано, декларативно потребно е да се донесе еден ваков правилник и притоа искажа благодарност за поддршката на “Rule of law“ во изготвувањето и на овој нацрт правилник, а за којшто ќе гласа да се усвои.

Г-ѓа Кети Петкова истакна дека е горда во составот на овој Совет било детектирано дека иако Советот согласно законот ја гарантира самостојноста на јавните обвинители од било какво влијание и нивна заштита, досега немало утврдено во каква постапка ќе се утврдуваат загарантираните права. Кажа дека било констатирано дека Советот нема донесено таков вид на Правилник и со помош на проектот Владење на правото (Rule of Law) бил изготвен овој Правилник.

Г-дин Ардиан Демири изрази благодарсност до проектот Владење на правото (Rule of Law) во конкретизација на ова прашање кое го уредува правилата и начинот кои се основна цел во Законот за јавните обвинители на РСМ, а тоа е заштита на самостојноста на јавните обвинители. Воедно искажа како дилема во однос на три момента и смета дека остава простор за недефинирано

ст на Предлог правилникот, а се однесува на чл.5 ст.3 и ст.7 и смета дека треба да има преформулација во текстот. И како трета забелешка кажа дека нема второстепеност на заклучокот и што би се правело во една таква ситуација.

Г-ѓа Кети Петкова се надоврза на кажаното од страна на членот на Советот г-дин Ардиан Демири и кажа дека кога се работел Правилникот сите членови на Советот можеле да дадат забелешки на истиот и доколку сметал дека има забелашки требало истите да бидат кажани и

дискутурани на колегиумот и да даде предлог што смета да се измени или корегира. Смета дека Правилникот е ставен на дневен ред бидејќи сите се усогласени и дека истиот треба да биде изгласан, а не на седница да се вршат корекции на истиот.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими даде појаснување во поглед на Второстепената Комисија и нејзиното постапување.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски во однос на чл.5 ст.3 кажа се поврзани со ст.1 и ст.2 каде исто така стои зборот "може" и даде свое толкување на истото.

Збор побара г-ѓа Светлана Стојковиќ која во однос на забелешките на членот на Советот г-н Ардиан Демири кажа дека се добронамерни, но не се согласи со истите. Притоа истакна дека не може да се бара второстепеност на постапка која завршува со донесување на заклучок кој содржи препораки, а тој заклучок доколку се работи за внатрешно нарушување се доставува и до Републичкиот јавен обвинител и непосредно повисокиот јавен обвинител на јавниот обвинител за кој се утврдило дека сторил нарушување на самостојноста на друг обвинител. Па така доколку има докази во предметот кои укажуваат на сторена дисциплинска повреда, на овој начин ќе имаат можност овластените предлагачи да поведат дисциплинска постапка, која е двостепена односно предвидено е право на жалба. Во однос на забелешката за член 6 став 3 од нацрт правилникот, кажа дека можеби е нејасна формулацијата така што наместо тоа треба да се наведе дека заклучокот содржи препораки и ги дефинира следните дејствија наведени во членовите подолу.

Откако никој не зема збор Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими предлогот за усвојување на Правилникот за постапка за обезбедување и гарантирање на самостојност на јавните обвинители го стави на гласање.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими констатираше дека едногласно беше усвоен Правилникот за постапка за обезбедување и гарантирање на самостојност на јавните обвинители и предложи Правилникот и Стратегијата да се објават на веб страницата на Советот.

Под точка разно од дневниот ред Г-ѓа Светлана Стојковиќ ги запозна членовите на Советот со содржината на двете претставки против јавен обвинител во ОЈО Скопје, каде од ВЈО констатирано било неажурно постапување по предмети кои поради тоа и застареле и смета дека треба да се проследат до ЈОРСМ за понатамошно преземање на дејствија. Во однос за меморандумот за соработка кој Советот го има потпишано со Хелшинскиот комитет за човекови права кажа дека потребно е да се формира меѓусекторско работно тело составено од претставници на повеќе институции и потребно е Советот да номинира член и заменик член на тоа тело.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими предложи за член на ова тело од страна на Советот биде номинирана г-ѓа Светлана Стојковиќ, а за заменик член г-ѓа Кети Петкова.

Предлогот на Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под истата точка од дневниот ред Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите на Советот дека од страна на ДКСК е пристигнато писмо во врска со поднесена претставка против ЈО на РСМ и двајца ЈО во ЈОРСМ , каде постапката се запира и било констатирано дека нема конфликт на интереси.

Откако никој не зема збор Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи дваесет и деветтата седница на Советот.

Записникот го водел
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Заменик Претседател**
**Башким Бесими**